# „Кога два муслимана ќе ги вкрстат меѓусебно сабјите, и убиецот и убиениот ќе бидат во Џехенемот

Од Ебу Бекрете, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Кога два муслимана ќе ги вкрстат меѓусебно сабјите, и убиецот и убиениот ќе бидат во Џехенемот." Кажав: "О, Аллахов пратенику, во ред за убиецот, но зошто и убиениот?" Рече: „И тој се трудеше да го убие својот пријател."
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известил дека кога двајца муслимани ќе го вперат оружјето еден кон друг, секој со намера да го убие оној другиот, убиецот ќе биде казнет со Џехенемот заради тоа што го извршил убиството. На асхабот не му беше јасно околу убиениот: Зошто тој да биде во Џехенемот? Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му кажа дека и тој ќе биде казнет со Џехенемот затоа што се обидувал да го убие својот другар, тоа не го направил само затоа што овој другиот бил побрз (повешт) од него.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee